# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

27 јуни 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 10



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ<br>ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ<br>ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈУДГ<br>''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 јуни 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7145/1**<br>**од 27 јуни 2025 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (''Службен весник на РМ'' бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.143/19, 14/20 и 208/24) а во врска со член 116 став (1) алинеја 8 од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-6250/1 од 28.05.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на шеесет и првата седница одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ**
**ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈУДГ**
**''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, бр.01-228/1 од 28.05.2025 година, донесен од управниот одбор на установата, со одлука бр.02-225/2 од 28.05.2025 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-6974/3**
**од 26 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ГРАДЕЖЕН
ИНСТИТУТ ''МАКЕДОНИЈА'' АД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од Градежен институт ''Македонија'' АД Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 јуни 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7145/2
од 27 јуни 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесет и првата седница одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на прималел на донација прима донација од Градежен институт "Македонија" АД Скопје, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од изработка на Основен проект за улица "С5", за Градска Четврт СИ 01, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Вкупната вредност на донацијата е 300.000,00 денари без ДДВ.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука, а по приемот на предметот на донацијата, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6974/4**
**од 26 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 јуни 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7145/3**
**од 27 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 ), член 6 став (1) и став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 и "Службен весник на РСМ" бр.244/24), член 11 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесет и првата седница одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба го прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, бр.08-6947/2 од 19.06.2025 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба, врз основа на претходно направена Процена за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, бр.08-6947/1 од 19.06.2025 година.

**Член 2**

Советот на Општина Гази Баба го утврдува прифатениот Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, бр.08-6947/2 од 19.06.2025 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба, за вршење на работи - ангажирање на 1 (едно) лице со овластување за управување со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија - административен (државен) службеник од Општина Петровец (давател на услуга) за потребите на Општина Гази Баба (корисник на услуга).

**Член 3**

Процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, бр.08-6947/1 од 19.06.2025 година, Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, бр.08-6947/2 од 19.06.2025 година и примерок од оваа одлука, да се достават до Општина Петровец.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6974/5**
**од 26 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА**
**БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 јуни 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7145/4**
**од 27 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21 и 3/25), Советот на Општина Гази Баба на 61 та седница одржана на 26.06.2025 донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2025 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | -150.000 | 0 | 0 |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 09-6974/6
26.06.2025

Претседател на Советот на Општината
**СаШо Кукески**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОБУКА ЗА САМОЗАШТИТА, ВО ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијатива за имплементација на обука за самозаштита, во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 26 јуни 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7145/5**<br>**од 27 јуни 2025 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 10, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 16 став (1) алинеја 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесет и првата седница одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОБУКА ЗА САМОЗАШТИТА, ВО ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Советот на Општина Гази Баба ја прифаќа иницијативата за имплементација на обука за самозаштита, во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Гази Баба, бр.09-6877/1 од 17.06.2025 година.

2. Заклучокот да се достави до општинските основни училишта.

3. Се задолжуваат органите на раководење и органите на управување во општинските основни училишта, при предлагање и изготвување на годишните програми за работа започнувајќи од учебната 2025/2026 година, да ги применуваат покрај законските одредби и одредбите од подзаконскиот акт - Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции (''Службен весник на РМ'' бр.48/06).

4. Заклучокот не се однесува на јавните средни училишта на територија на Општина Гази Баба, како образовни институции во надлежност на друг орган - градот Скопје.

5. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-6974/7**
**од 26 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА
СТАТУТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ООУ "25 МАЈ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 јуни 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7145/6
од 27 јуни 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 26 став (4) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Статутарната Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-330/3 од 20.06.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на шеесет и првата седница одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА СТАТУТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ООУ "25 МАЈ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-330/3 од 20.06.2025 година, донесена од училишниот одбор.

**Член 2**

Одлуката да се достави до општинското основно училиште.

**Член 3**

Се задолжува директорот на општинското основно училиште, да ја достави Статутарната Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-330/3 од 20.06.2025 година и примерок од оваа одлука до Министерство за образование и наука, заради добивање на согласност во постапка утврдена со закон.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6974/8**
**од 26 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА<br>ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА<br>ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА<br>ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 јуни 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7145/7<br>од 27 јуни 2025 година<br>Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,<br>Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точки 5, 6 и 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 49 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и "Службен весник на РСМ" бр.239/22), член 22-а од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 166/14, 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21 и 39/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесет и првата седница одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.24/24 и 07/25), во точка 1 бројот "36.288.000,00" се заменува со бројот **"36.888.000,00"**.

2. Во точка 2 бројот "3.790.000,00" се заменува со бројот **"4.390.000,00"**.

3. Во точка 2 потточка 12 бројот "400.000,00" се заменува со бројот **"1.000.000,00".**

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6974/9**
**од 26 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

**О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/1426/6 од 26.05.2025 година
**С К О П Ј Е**

ПРЕДМЕТ: Потврда за одобрување на Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за: Новопланиран топловоден систем кон населба Железара од приклучна точка на секундарен топловод од Т0.1 со стационажа 0+000.00, до Т12 со стационажа 0+256,60 КО Гази Баба Општина Гази Баба Скопје

Согласно член 62, став 7 и став 10, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), се одобрува Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за: Новопланиран топловоден систем кон населба Железара од приклучна точка на секундарен топловод од Т0.1 со стационажа 0+000.00, до Т12 со стационажа 0+256,60 КО Гази Баба Општина Гази Баба Скопје, со тех.бр.495 / 2024 од 05.2025 година, со површина на проектен опфат од 253 м2, изработен од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје, доставен преку информациски систем за е-урбанизам број на постапка бр. 66247.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/1196/11 од 02.06.2025 година
**СКОПЈЕ**

# ПОТВРДА

Согласно Член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), се потврдува одобрување од урбанистички аспект на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи на дел од КП 1792/2, КО Раштак, Општина Гази Баба, Скопје, со тех. број 01/24 од Март 2025 година и број на постапка во е-урбанизам 65330, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 28-3/1196/6 од 07.04.2025 година
(се наведува видот на документацијата и технички број)

изработен од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план
(се наведува видот на документацијата)

со барање бр.01/24 од 01.10.2024 година
(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бобан Стефковски

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . .2

**ОДЛУКА** за примање на донација од Градежен институт "Македонија" АД Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . .8

**ЗАКЛУЧОК** за прифаќање на иницијатива за имплементација на обука за самозаштита, во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Гази Баба .10

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .12

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . .14

**ОБЈАВИ** од сектор за урбанизам и градежно земјиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .15



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/25**
**61 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk